Бр. 15-529/3
19.06.2024 година

# БАРАЊЕ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДИ ЗА НАБАВКА НА ТЕХНИЧКА ОПРЕМА

БАРАЊЕ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДИ ЗА

Скопје, Јуни 2024

Содржина

**БАРАЊЕ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДИ ЗА НАБАВКА НА ИТ ОПРЕМА** ......................................................

Предмет: ........................................................................................................................... 3

Барање за поднесување на понуди за набавка на ИТ опрема ........................................................... 3

Прилог 1: ........................................................................................................................... 4

Прилог 2: ........................................................................................................................... 5

Прилог 3: ........................................................................................................................... 9

Прилог 4: ........................................................................................................................... 11

Прилог 5: ........................................................................................................................... 14

**Предмет:**
**Барање за поднесување на понуди за набавка на техничка опрема**

Почитувани,

*За* потребите на Стопанската комора на Северна Македонија во рамки на проектот „Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција/ Private Sector Regional Integration Support Activity“, имплементиран од Стопанската комора на Северна Македонија и поддржан (ко-финансиран) од Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД) согласно Договор за соработка Бр. 72016522CA00001 УСАИД Проект за поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција, Ве покануваме да доставите понуда за набавка на техничка опрема која се состои од дигитални камери и микрофони за конференции.

Ве молиме да ја доставите Вашата понуда согласно документацијата во прилог на ова Барање, а во врска со предметот на набавката, **најдоцна до 05.07.2024 година до 15:00 часот** во Архивата на Комората или по пошта (ул. Димитрие Чуповски бр. 13, 1000 Скопје), со назнака **„Понуда за набавка за проектот PSRISA – Не отварај“.**

Во прилог на ова Барање, доствуваме спецификација на документацијата која треба да биде содржана во Понудата.

Ви благодариме на соработката,

Извршен директор,

м-р Антони Пешев

Бр.15-529/3
19.06.2024
Скопје

**Прилог 1:**
**Општи информации за понудувачите**

Стопанската комора на Северна Македонија ќе склучи договор за реализација на предметот на услуги со понудувачот чија што понуда ги исполнува пропишаните критериуми од документацијата и техничката спецификација и ќе биде избрана како најповолна.

Стопанска комора на Северна Македонија ќе склучи договор за реализација на предметот на набавката со понудувачот чија понуда ја избрал како најповолна.

Времетраењето на договорот ќе биде од денот на неговото потпишување од двете договорни страни, па се` до исполнувањето на предметот на договорот.

Составен дел на договорот за реализација на предметот ќе биде понудата на понудувачот, чија понуда е избрана за најповолна.

Во прилог на понудата, понудувачот треба да достави:

- Тековна состојба издадена во последните шест (6) месеци;
- Потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган издадена во последните шест (6) месеци;
- Потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган издадена во последните шест (6) месеци;
- Уверение од УЈП за состојба на даноци, придонеси и други јавни давачки заклучно со 31.03.2024
- Референтна листа на набавки во последните 5 години
- Краток опис на сервисните и гарантните капацитети на понудувачот
- Финансиска понуда на меморандум на компанијата, заверена со потпис и печат од овластеното лице. (прилог 2)
- Изјава (прилог 5)

Барањето за доставување понуди е со важност од 90 дена, од денот на поднесувањето.

**Прилог 2:**
**Објаснување за техничката спецификација и финансиската понуда**

**ЛОТ 1**

**Дигитални камери (2)** (Digital Cameras video conferencing) **-** Спецификација (min)

- PTZ Video cameras for video conferencing
- USB connector to PC
- Remote control IR
- Mounting to wall
- Motorized pan, tilt and zoom
- Phisical zoom (to 10x)
- Full HD 1080p 30fps
- H.264 UVC 1.5 with Scalable Video Coding (SVC)
- Гаранција 1 година
- **Количина 2 парчиња**

Максимален буџет алоциран за ЛОТ 1 изнесува 2.000 US$

**ЛОТ 2**

**Дигитална камера (1)** (Digital Camera – photography/video) **-** Спецификација (min)

- 20 Mpixel min
- 4K video resolution ultra HD
- HDMI out
- APS-C CMOS
- Mirrorless camera
- Built-in pop-up flash
- Гаранција 2 година
- **Количина 1 парче**

**Професионален трипод за камера (1)**

- Heavy Duty Tripod Professional Video Camera Tripod Aluminium 67 Inches
- Гаранција 1 година
- **Количина 1 парче**

**External flash (1)**

- Гаранција 1 година
- **Количина 1 парче**

Максимален буџет алоциран за ЛОТ 2 изнесува 2.000 US$

**ЛОТ 3**

**Аудио опрема -** Спецификација (min)

**Key features**

- Professional digital audio microphone system (one digital receiver and 2 wireless handheld microphones)
    - Гаранција 2 години
    - **Количина 2+1 парчиња**

- Professional digital audio microphone system (one digital receiver and 4 wireless body pack transmitters)
    - Гаранција 2 години
    - **Количина 4+1 парчиња**

Максимален буџет алоциран за ЛОТ 3 изнесува 1.500 US$

**ЛОТ 4**

- Digital wired conference microphone system (12 microphones + 1 central unit)
    - Гаранција 2 години
    - **Количина 12+1 парчиња**

Максимален буџет алоциран за ЛОТ 4 изнесува 9.100 US$

1. **Финансиската понуда треба да биде во следниот формат:**

| Бр. | Лот | Ставка | Количина | Техничка спецификација | Гаранција | Рок на испорака | Единечна цена без ДДВ (изразена во USD) | Вкупна цена без ДДВ (изразена во USD) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **1** | Дигитални камери (Digital Cameras-video conferencing) | 2 ком | | | | | |
| 2. | **2** | Дигитална камера (Digital Camera - photography) | 1 ком | | | | | |
| 3. | **2** | Професионален трипод за камера | 1 ком | | | | | |
| 4. | **2** | External flash | 1 ком | | | | | |
| 5. | **3** | Digital receiver and 2 wireless handheld microphones | 2+1 ком | | | | | |
| 6. | **3** | Digital receiver and 4 wireless body pack transmitters | 5+1 ком | | | | | |
| 7. | **4** | Digital wired conference microphone system | 12+1 ком | | | | | |
| 8. | **Вкупно** | | | | | | | |
| 9. | | | | | | | | |

***Забелешка:***

- Ве молиме пополнете ги сите полиња во соодветниот лот за кој се дава понуда)
- Проектите финансирани од УСАИД се ослободени од сите давачки и

даноци, вклучувајќи го и данокот на додадена вредност (ДДВ). Затоа, единечните цени кои вклучуваат ДДВ нема да се сметаат за подобни. Цените во понудата за потребите на проектот  треба да се изразени во американски долари.

**Прилог 3:**
**Критериуми за избор**

1. **Предмет на договорот за набавка**

Предмет на договорот за набавка е техничка опрема за настани и конференции која се состои од дигитални камери и микрофони. Детален опис на предметот на Договорот е даден во техничката спецификација, Прилог 2.

2. **Вид на постапка за доделување договор за набавка**

Договорот за набавка ќе се додели врз основа на Барањето за прибирање понуди.

- **Применливи прописи**

При подготовка на својата понуда, понудувачот треба да ги има предвид важечките прописи од областа на даноците и другите јавни давачки, како и потребните закони на Република Северна Македонија.

Проектите финансирани од УСАИД се ослободени од сите давачки и даноци, вклучувајќи го и данокот на додадена вредност (ДДВ). Затоа, единечните цени кои вклучуваат ДДВ нема да се сметаат за подобни.

Предвид ќе се земат само компании – понудувачи чија дејност не се однесува на стоки и услуги кои не се подобни за набавка согласно со Правилата за подобност за набавка на стоки и услуги на УСАИД / USAID ELIGIBILITY RULES FOR PROCUREMENT OF COMMODITIES AND SERVICES (2020).

- **Критериум за склучување договор за набавка**

• Критериум за склучување договор за набавка е економски најповолната понуда.

• За носители на набавката ќе бидат избрани оние понудувачи чија понуда ќе биде оценета како економски најповолна, односно која ќе освои најголем број на бодови.

• Како елементи на критериумот економски најповолна понуда се земаат следниве:
**- квалитет**..........................................................................................**40 бодови;**
**- цена** .....................................................................................................**60 бодови.**

• За критериумот квалитет се утврдени вкупно 40 бодови во кои ќе се земе предвид: референтна листа на компанијата (10 бода), капацитети за сервис и одржување на набавената опрема (10 бода), рок на испорака (10 бода), и гаранцијата која се дава за набавената опрема (10 бода),
• За оценување на квалитетот понудувачот доставува референтна листа од претходно давани вакви услуги, а се слични на предметот на набавка, како и краток опис на капацитетите за сервисирање на опремата.
• За критериумот цена се утврдени вкупно 60 бодови. Заради евалуација цената на

понудата ќе се пресметува како вкупна цена за секој лот поединечно, при што најмногу бодови - 60 ќе добијат понудите кои имаат најниска понудена цена по поединечен лот.

- Ставките во лотовите се неделиви и не може да се даде понуда за поединечни ставки во лотот.
- Понудувачот може да даде понуда за еден, два, три или четири лота.

- **Евалуација на понудите**

- При евалуацијата на понудите ќе се земат предвид бодовите од двата критериума. За најповолни понудувачи ќе бидат избрани понудувачите со најголем збир на бодови по двата критериума, за секој лот посебно.
- Евалуацијата на понудите ќе се врши од страна на Комисија за избор и евалуација, формирана од страна на Стопанската комора на С. Македонија за спроведување на постапката.

- **Спречување судир на интереси**

За спречување судир на интереси во постапките за склучување договор за набавка се применуваат одредбите од Законот за спречување судир на интереси.

- **Начин на комуникација**

Секое барање, информација, известување и други документи во постапката се испраќаат во писмена форма. Секој документ се евидентира во моментот на испраќање, односно во моментот на примање.

**Понудата се доставува по пошта, или во архивата на Стопанската комора на Северна Македонија (ул. Димитрие Чуповски, бр. 13, 1000 Скопје).**

- **Склучување договор**

Договорот се склучува со оние понудувачи чии понуди се утврдени како најповолни врз основа на критериумот за најповолна понуда.

**Прилог 4:**
**Образец на понуда (НА ВАШ МЕМОРАНДУМ)**

Врз основа на Барањето за поднесување понуда, број 15-529/1 од 15.05.2024, доставено од страна на **Стопанската комора на Северна Македонија**, за договор за вршење услуги, ја поднесуваме следнава:

**П О Н У Д А**

**Дел I – Информации за понудувачот**

**I.1. Назив на компанијата:**

**I.2. Контакт - информации**

Адреса:
Телефон:
Е-пошта:
Лице за контакт:
Одговорно лице:
Даночен број:
Прилог кон понудата:

- Тековна состојба издадена во последните шест (6) месеци;
- Потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган издадена во последните шест (6) месеци;
- Потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган издадена во последните шест (6) месеци;
- Уверение од УЈП за состојба на даноци, придонеси и други јавни давачки заклучно со 31.03.2024
- Референтна листа на набавки во последните 5 години
- Краток опис на сервисните и гарантните капацитети на понудувачот
- Финансиска понуда на меморандум на компанијата, заверена со потпис и печат од овластеното лице.
- Изјава со која понудувачот потврдува дека ги прифаќа критериумите и условите во Барање за поднесување понуди за набавка на ИТ опрема

**Дел II – Техничка понуда**

II.1. Согласни сме да ги оствариме бараните критериуми на бараната ИТ опрема според спецификациите дадени во финансиската понуда.

II.2. Рокот за испорака и инсталација на опремата е ....... денови (со букви.

**Дел III – Финансиска понуда**

III.1. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: .......................................... *[со бројки]*
...................................................................... *[со букви].*

III.2 Детален приказ на вкупната цена на нашата понуда е даден во следнава листа на цени:

| Бр. | Лот | Ставка | Количина | Техничка спецификација | Гаранција | Рок на испорака | Единечна цена без ДДВ (изразена во USD) | Вкупна цена без ДДВ (изразена во USD) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **1** | Дигитални камери (Digital Cameras- video conferencing) | 2 ком | | | | | |
| 2. | **2** | Дигитална камера (Digital Camera - photography) | 1 ком | | | | | |
| 3. | **2** | Професионален трипод за камера | 1 ком | | | | | |
| 4. | **2** | External flash | 1 ком | | | | | |
| 5. | **3** | Digital receiver and 2 wireless handheld microphones | 2+1 ком | | | | | |
| 6. | **3** | Digital receiver and 4 wireless body pack transmitters | 5+1 ком | | | | | |
| 7. | **4** | Digital wired conference microphone system | 12+1 ком | | | | | |
| 8. | **Вкупно** | | | | | | | |
| 9. | | | | | | | | |

*(да се пополнат сите полиња во соодветниот лот за кој се дава понуда)*

III.3. Нашата понуда важи за периодот утврден во документацијата.

III.4. Со поднесувањето на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во барањето за поднесување на понуди.

Место и датум                                                      Одговорно лице

_________________________                      __________________________

(потпис и печат)

**Прилог 5:**
**Изјава со која понудувачот потврдува дека ги прифаќа критериумите и условите во Барање за поднесување понуди за набавка на ИТ опрема**

**ИЗЈАВА**

Јас, долупотпишаниот, ____________________одговорно лице од компанијата ________ ________________, изјавувам:

- дека понудената опрема е компатибилна со постоечката опрема која се користи во Стопанската Комора на Северна Македонија,
- дека со поднесување на понудата во целост ги прифаќам критериумите и условите од Барање за поднесување понуди за набавка на ИТ опрема, врз основа на што ја поднесуваме нашата понуда, и
- Согласен сум тие услови во целост да претставуваат составен дел на Договорот за набавка на опрема.

Место и датум

Скопје, .................

Одговорно лице

*(потпис и печат)*